Лицата со попреченост сочинуваат помеѓу 12 и 15 проценти од вкупното население.

Во деветте досегашни состави на македонското повеќепартиско Собрание, почнувајќи од 1990 година и завршувајќи со актуелниот собраниски состав избран во 2014 година, имало точно 0 (нула) пратеници со попреченост.

Дали и како лицата со попреченост учествуваат во изборниот процес?

# Што нудите за мене?

Отворете ги прозорците изработи преглед на понудите на политичките партии за лицата со попреченост, во пресрет на предвремените парламентарни избори 2016. На едно место, јасно и разбирливо се прикажани клучните идеи и предлози на партиите за потикнување на инклузивноста на македонското општество.

Сите 11 партии и коалиции кои ќе бидат на гласачкото ливче на 11 декември беа поканети да ги испратат изборните програми. На поканата одговорија пет. Три други партии, кои настапуваат во пошироки коалиции, исто така, ги доставија програмите.

Погледнете го кусиот преглед на понудите на политичките партии. Деталите можете да ги погледнете преку линковите до целосните програми на партиите.

Редоследот на прикажување е според редоследот на гласачкото ливче.

**Информирај се!**

Да бидеш информиран е основа за учество во изборите.

**Гласај!**

Гласањето е основа за учество во политичкиот процес. Учеството во политичкиот процес ќе го донесе пратеникот...

декември 2016 година

Содржината на документот и мислењата во него не ги одразуваат ставовите на Цивика Мобилитас, СДЦ и на спроведувачките организации.

**ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство**
линк до програмата: тука
реден број на избирачкото ливче: 1

| | |
|---|---|
| **Образование** | • Формирање инклузивни училишни тимови, вклучувајќи вработување дефектолози<br>• Иновирани наставни програми во посебните основни и средни училишта<br>• Давање на користење на компјутери и помошна технологија за ученици и студенти со инвалидност<br>• Откуп на едукативни дигитални содржини за деца или млади со пречки во развојот |
| **Здравство** | • Бесплатни здравствени прегледи за корисници на дневни центри за деца и лица со пречки во развојот<br>• Ослободување од партиципација на придружници на деца со церебрална парализа кои се на рехабилитација<br>• Воведување дополнителна листа на ортопедски помагала |
| **Економија и вработување** | • Финансиска поддршка на компаниите (субвенционирање) за вработување лица со попреченост<br>• Грантови за самовравотување на лица со инвалидност<br>• Право на надоместок за скратено работно време за родители на деца и лица со попреченост, се' до старосна пензија<br>• Програми за обука и работно оспособување за лица со различен тип на попреченост<br>• Вработување психолози во АВРМ за изработка на индивидуални планови за вработување за лица со попреченост |
| **Социјална заштита** | • Нов современ модел за проценка на децата со пречки во развојот<br>• Постепена деинституционализација на лица со пречки во развојот<br>• Зголемување на паричните помошти поврзани со попреченост<br>• Вработување дефектолози во предучилишните установи<br>• Отворање 13 дневни центри за деца и лица со пречки во развојот и Центар за рана детекција на деца со аутизам<br>• Изградба на Центар за 24-часовна поддршка на материјално необезбедени лица со оштетен вид<br>• Ослободување од социјалните придонеси за згрижувачки семејства кои згрижуваат повеќе од три години |
| **Спорт и рекреација** | • Бесплатна бањско-климатска рекреација за материјално необезбедени лица со инвалидност (500 лица годишно)<br>• Изградба на четири игралишта со реквизити достапни на децата со инвалидитет |
| **Човекови права** | • Примена на факсимил како официјален потпис на слепите лица<br>• Избирачки лист на Брајово писмо за слепите лица<br>• Законска обврска за банките да обезбедат пристапни банкомати |
| **Транспорт и инфраструктура** | • Ослободување од давачки за набавка на возило за лица со инвалидитет<br>• Ослободување од царински давачки и ДДВ за специјални такси возила за превоз на лица со инвалидност<br>• Изградба и распределба на социјални станови на станбено необезбедени лица со посебни потреби<br>• Патеки за слепи лица во Скопје, Охрид, Кочани и Гевгелија<br>• Подобрување на физичката пристапност на 34 национални установи од областа на културата |
| **Дигитална инклузија** | • Примена на меѓунардоните стандарди за веб-пристапност WCAG 2.0 за владините веб-страници и е-услуги<br>• Аудио-книги за слепи лица и библиотеки за слепи лица во Битола, Штип, Тетово и Скопје<br>• Бесплатен компјутер и помошна технологија за студенти со инвалидност |

**СДСМ-Социјалдемократски сојуз на Македонија**
линк до програмата: тука
реден број на избирачкото ливче: 4

| | |
|---|---|
| **Образование** | • Законска обврска за воведување специјален едукатор во секое училиште<br>• Ќе се донесе Стратегија за инклузивно образование<br>• Трансформација на посебните училишта во ресурсни центри за поддршка на образованието<br>• Нови политики за стипендирање на студенти со попреченост |
| **Здравство** | • Посебни програми за репродуктивно здравје за жени со попреченост<br>• Олеснување на постапката за стекнување право на додаток за мобилност, слепило и глувост<br>• Олеснување и зголемување на опфатот на здравствената заштита за лица со посебни потреби и ретки болест<br>• Обезбедување финансиски средства и простор за здруженија во областа на попреченост и ретки болести |
| **Економија и вработување** | • Навремено рефундирање на придонесите за пензиско и здравствено осигурување за вработените во заштитни друштва<br>• Скратено работно време за родителите на деца со попреченост и после 26 години возраст<br>• Транспарентно и домаќинско користење на парите од посебниот фонд во АВРМ за вработување на инвалидни лица<br>• Квоти за вработување лица со посебни потреби во јавната администрација<br>• Субвенции за претпријатија кои ќе вработат невработени инвалидни лица и родители на деца со пречки во развојот |
| **Социјална заштита** | • Воведување систем за проценка на децата со попреченост заснован на Меѓународната класификација на функционалност<br>• Законска обврска за воведување специјален едукатор во секоја градинка<br>• Реорганизација и екипирање на дневните центри за лица со попреченост<br>• Отворање центри за ран детски развој<br>• Зголемување на буџетските средства за заштита на правата на лицата со посебни потреби за 50%<br>• Набавка на активни колички за лица со посебни потреби, првично за вработени лица со посебни потреби<br>• Обезбедување право на додаток за лица со тешка и најтешка интелектуална попреченост<br>• Лицата кои користат посебен додаток до 26 години по автоматизам ќе добијат надоместок за помош и нега од друго лице<br>• По навршување 18 години, лицата кои користат посебен додаток ќе можат да добиваат и постојана парична помош<br>• Воспоставување мрежа на социјални услуги во заедницата, вклучувајќи заедници за домување |
| **Спорт и рекреација** | • Подобрување на условите за спорт и рекреација на студенти со посебни образовни потреби |
| **Човекови права** | • Македонија како држава ќе пристапи кон Меѓународната асоцијација за заштита на социјални и човекови права<br>• Реформа на Комицијата за заштита од дискриминација |
| **Транспорт и инфраструктура** | • Зголемување на бројот на паркинг места за лица со посебни потреби во целата држава<br>• Укинување на квотата за поврат на ДДВ за увоз на специјални возила за лица со попреченост<br>• Воспоставување телефонска линија за пријавување непристапни точки за лица со телесна и сензорна попреченост |
| **Дигитална инклузија** | • Учебниците и помошните училишни материјали ќе бидат достапни во електронски формат<br>• Државна поддршка за пристап до интернет и компјутер за сите ранливи групи |

## Демократски сојуз

линк до програмата: тука

реден број на избирачкото ливче: 5 (Коалиција за промени и правда)

| | |
|---|---|
| **Здравство** | • Обезбедување услови за здравствена заштита на лица со посебни потреби во Скопје, Штип, Струмица и Охрид |

## Либерална партија

линк до програмата: тука

реден број на избирачкото ливче: 8

| | |
|---|---|
| **Образование** | • Модерни и адаптирани програми за вклучување на лицата со интелектуална попреченост во редовното образование |
| **Социјална заштита** | • Ублажување на предизвиците предизвикани од хендикепот<br>• Одржлива финансиска поддршка за социјално-предизвиканите групи<br>• Подобрување на условите во специјализираните установи<br>• Обезбедување социјални услуги во заедницата преку граѓански организации (аутсорсинг) |
| **Човекови права** | • Реафирмирање на интегративниот и инклузивен карактер на општеството во Македонија |
| **Дигитална инклузија** | • Пристап до интернет за сите, вклучувајќи семејства на лица со попреченост |

## Левица

линк до програмата: тука

реден број на избирачкото ливче: 11

| | |
|---|---|
| **Образование** | • Инклузивен и недискриминаторски образовен систем за сите<br>• Поголема вклученост на дефектолози и социолози во образовните институции |
| **Социјална заштита** | • Квалитетен и ефикасен систем на социјална заштита за лицата со инвалидитет |
| **Спорт и рекреација** | • Еднакви услови и можности за користење спортско-рекреативни терени и спортски реквизити за лица со попреченост |

## Граѓанска опција за Македонија

линк до програмата: тука

реден број на избирачкото ливче: 1 (Коалиција за подобра Македонија)

| | |
|---|---|
| **Образование** | • Интеграција на ранливите групи во образовниот систем<br>• Постепено напуштање на системот на специјални училишта и посебни паралелки<br>• Подобрување на наставните програми во образованието |
| **Економија и вработување** | • Долгорочно вклучување на пазарот на трудот на ранливите групи граѓани<br>• Мерки за поддршка на вработувањето на лицата со попречност во сите претпријатија и на сите работни места<br>• Промовирање на социјалната економија како можност за вработување тешко-вработливи лица |
| **Социјална заштита** | • Активна социјална заштита за зајакнување на капацитетите на ранливите групи граѓани<br>• Патронажна сервисна служба за социјална помош на лица со посебни потреби<br>• Продолжување на деинституционализацијата и згрижување надвор од институции – услуги за поддржано живеење<br>• Финансиска поддршка на згрижувањето во сопственото семејство или во алтернативните форми на згрижување |
| **Човекови права** | • Усогласување на законодавството согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост<br>• Градење на јавната свест за ранливите групи и спречување предрасуди и стереотипи<br>• Усогласување на Законот за спречување и заштита од дискриминација согласно европските директиви |

## Либерално-демократска партија

линк до програмата: тука

реден број на избирачкото ливче: 4 (Коалиција предводена од СДСМ)

| | |
|---|---|
| **Здравство** | • Вклучување нови и современи лекови на позитивната листа<br>• Ревидирање на позитивната листа на лекови на секои шест месеци |
| **Социјална заштита** | • Обезбедување финансиска помош во висина на просечна плата на лицата и семејствата со лица со тешка попреченост<br>• Воведување сервисни услуги за старите и за неподвижните лица во нивните домови<br>• Најразлични форми на поддршка – социјално домување, дневно згрижување, советување итн. за ранливи категории |
| **Човекови права** | • Нов антидискриминаторен систем што ќе нуди заштита по сите основи согласно европските стандарди<br>• Еднаквост по сите основи и заштита од дискриминација |

**Демократска обнова на Македонија**
линк до програмата: тука
реден број на избирачкото ливче: 4 (Коалиција предводена од СДСМ)

| | |
|---|---|
| **Образование** | • Обука на наставниот кадар за работа со лица со ментална попреченост<br>• Пристап во училиштата за лица со физичка попреченост<br>• Инклузија на ученици со низок степен на ментална попреченост со помош од стручно лице<br>• Екипирање на училиштата со дефектолози<br>• Квалитетно примарно, секундарно и терцијарно образование за децата и младите со попреченост |
| **Економија и вработување** | • Обука и нови зелени работни места за маргинализираните групи, вклучувајќи ги лицата со посебни потреби<br>• Воведување даночни олеснувања за фирми како мотивација за вработување лица од маргинализирани групи<br>• Воведување квотен систем за вработување лица со посебни потреби |
| **Социјална заштита** | • Програми за вработување на лица со посебни образовни потреби<br>• Јавна политика за формирање сервиси за поддршка, вклучувајќи ги регулаторните механизми<br>• Децентрализација на центрите за социјална работа во поглед на финансирањето и нудењето социјална заштита |
| **Спорт и рекреација** | • Помасовно учество на лицата со посебни потреби во врвното и рекреативното спортување |
| **Човекови права** | • Донесување сеопфатен закон за правата и достоинството на лицата со посебни потреби<br>• Програми за разбивање на социјалните предрасуди, игнорирање и дискриминација<br>• Обврска за секоја општина да донесе акциски план за вклучување лица со посебни потреби |
| **Транспорт и инфраструктура** | • Пристапност на јавната инфраструктура, јавните згради, санитарните капацитети, јавниот простор и јавниот транспорт |